# Известување за концентрација со која НЕЛТ КО. д.о.о., Кипар ќе стекне контрола над Фабрика за детска храна д.о.о., Србија
# (предмет бр. 08-123/2021)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 17.11.2021 година,а дополнето на 25.11.2021 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на контрола од страна Друштвото за надворешна и внатрешна трговија и услуги НЕЛТ КО. д.о.о. Добановци, со регистрирано седиште на улица Маршал Тито бр. 226б, Добановци, Република Србија врз друштвото Фабрика за детска храна д.о.о., со регистрирано седиште на улица Маршал Тито бр. 206, 11272 Добановци, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**НЕЛТ КО. д.о.о.** припаѓа и работи во рамките на групацијата на друштва НЕЛТ ("групација НЕЛТ"). Групацијата НЕЛТ започнала со работа во 1992 година во трговијата. Денес, групацијата се состои од 19 друштва активни на 11 пазари во регионот на Југоисточна Европа и Субсахарска Африка и има околу 4.000 вработени. Групацијата НЕЛТ обезбедува интегрирани услуги за дистрибуција и логистика на своите домашни и меѓународни клиенти преку мрежа на дистрибутивни центри и оперативна поддршка во секоја земја во која е активна.
Во Северна Македонија, Групацијата НЕЛТ е присутна преку своите три претпријатија-ќерки:

- Нелт СТ ДООЕЛ, Скопје, Илинден 32 бр. 20, Скопје, кое е активно во дистрибуција,
- Нелт Лог ДООЕЛ, Илинден 31 бр.20, Скопје, кое е активно во логистика и
- Нелт Лајн ДООЕЛ, Илинден 32 бр. 20, Скопје,, кое е активно во транспорт.

**Фабрика за детска храна д.о.о. (**ФДХ) е примарно активно во производството на храна за бебиња (храна за доенчиња и мали деца до 3 години), но произведува и конвенционална храна за возрасни (сокови и пиреа). Портфолиото на храна за бебиња на ФДХ опфаќа пире од месо, овошје и зеленчук, суви и влажни житарки и сокови, сите произведени и дистрибуирани под брендовите Нутрино (*Nutrino*) и Нутирино ЛАБ (*Nutrino LAB*). ФДХ има едно претпријатие-ќерка во целосна сопственост - Бејби Фуд Фактори д.о.о. Загреб (*Baby Food Factory d.o.o. Zagreb*), основано во Хрватска на 25 февруари 2019 година, но сѐ уште нема отпочнато со работа. ФДХ генерира занемарливи приходи во Северна Македонија.

Подносителот смета дека како релевантен пазар би можел да се дефинира пазар на производство на храна за бебиња во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

30.11.2021 година
Скопје